## Формулар за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Изменување и дополнување на блок 15 во ДУП Градска четврт Ј 07 – локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Градоначалник на Општина Центар – Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Центар – Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје<br>Планери: Бојан Муличковски и Искра Ефремова |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Бул.Илинден бр.107/13, Скопје<br>Тел.:02 3083575<br>e-mail: bildurban@gmail.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| По прифаќање на приватна иницијатива за изработка на план согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање |
| Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот? |
| Се врши измена на дел од постоечки плански документ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| ДУП Градска четврт Ј 07 – локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара<br>Се менува блок 15 од наведениот ДУП поради прифатена приватна иницијатива |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да / Урбанистичко планирање |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5). |
| ДА<br>Член 3 точка 13 |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз |

| |
|---|
| животната средина? Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| НЕ |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| ДА / 2,03ха / локално значење |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Да се преиспита начинот и степенот на спроведување на важечките плански документи; да се изврши хармознизација на просторно – морфолошките особености на изградената анахрона структура и промена во рамките на група на класа на намени А – домување и да ги обезбеди планските промени што ќе го обезбедат оживувањето на изградбата и доуредувањето на планскиот опфат, како и потребата да се изврши усогласување со Графичкиот регистар на градежно земјиште; да се создадат услови за воведување повисоки стандарди во објектите за домување, како и да се обезбедат услови за изградба и функционирање на јавните институции од областа на здравството и социјалната заштита; создавање на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот кои се неопходни за непречено функционирање на објектите во планскиот опфат, но и на функционирањето на околната улична мрежа; обезбедување на повисоки стандарди и унапредување на постоечките инфраструктурни мрежи од областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадни води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл. |
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Урбанистичко планирање |
| Период за донесување на планскиот документ |
| 2018-2023 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границите на планскиот опфат се следните:<br>- од север по оска на ул. „Козара";<br>- од исток по оска на бул. „Мајка Тереза";<br>- од југ по оска на ул. „Елисие Поповски" и<br>- од запад по оска на ул. „Антон Панов". |


346
429
2908/29
2908/28
564/1
565
567
568
557/3
582
597/1
632
637
629/23
629/11
819
835
833
975/3
974/1
1009/3
793/2
2914/1

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ? | X | |
| Дали е приложена копија од целите? | X | |

| | |
|---|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | Нема значителни промени на потенцијалните влијанија врз животната средина. Се работи за опфат на план со долгорочна историја на урбанистичко планирање со генерални и детални урбанистички планови, и користење на просторот во рамките на истата група на класи на намена на земјиштето. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | За опфатот на планот има претходни плански документи. Со овој план влијанието врз животната средина нема дополнителни оптоварувања врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи) | Со планската документација се предвидени мерки за заштита на животната средина и мерки за заштита и спасување согласно релевантната законска регулатива. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната) | Опфатот на планот е дел од урбанизирана четврт, уредена со важечки детален урбанистички план за Градска четврт Ј 07 (136ха со ~13000 жители) и претходни детални урбанистички планови за локалитет Долно Водно (32ха со 700 жители) |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| - зголемување на вредноста на земјиштето<br>- подобар квалитет на користење на земјиштето<br>- поригидни планерски услови со цел постигнување на повисок стандард на домување и подобар квалитет на живот | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |
| Областа е на територијата на општината која е со доминантна намена домување, и е во близина односно во подножјето на планината Водно. Исто така е во непосредна близина на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“.<br>Тоа се најголемите вредности, а воедно и ранливости на областа. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Близина на планината Водно.<br>Во опфатот нема регистрирано културно наследство. |
| Надминување на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности | Нема |

| | |
|---|---|
| Интензивна употреба на земјиштето | Со планот предвидената бруто густина на населеност изнесува 247ж/ха, просечниот коефициент на искористеност изнесува 2,12, а просечниот процент на изграденост 50,68 |
| Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | Нема |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите

Планскиот документ рамките за спроведување ги поставува согласно одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и друга релевантна законска регулатива.

Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти)

Опфатот на планот е дел од изградена, урбанизирана четврт со доминантна намена домување.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Урбанистичкото планирање овозможува промовирање на одржливиот развој преку спроведувањето на планските документи.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали)

Спроведувањето на планскиот документ ќе ги реши евентуалните проблеми со нереализирана или застарена инфраструктура. Во планот е имплементиран и Законот за урбано зеленило па оттука и неговото спроведување ќе има позитивен еколошки ефект.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

План од повисоко ниво е Генералниот урбанистички план на град Скопје, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година.
За опфатот на планскиот документ актуелен е Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 – локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, кој што е усогласен со Генералниот урбанистички план што претставува законска обврска.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување

<table>
<tr><td colspan="2">на постоечкиот плански документ.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Согласно член 28 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето се спроведува при донесување на генерален урбанистички план, а при донесување на детален урбанистички план само доколку не била спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето при донесувањето на генералниот урбанистички план врз основа на кој е изработен предметниот детален урбанистички план.<br>За опфатот на планскиот документ донесен е Генерален урбанистички план на град Скопје во 2012 година.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во опфатот на планскиот документ не се предвидува изградба на нови објекти за кои се утврдува потреба за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Потврдувам дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Раководител на Сектор за урбанизам<br>Антица Сашек<br>____________________<br>Градоначалник<br>на Општина Центар – Скопје<br>Саша Богдановиќ<br>____________________<br>м.п.</td></tr>
<tr><td>09-274/15 Датум<br>10.4.2019 година<br>Скопје</td><td></td></tr>
</table>